**Job Good! Life Good!**

**The HeadHunter Group,** е иновативна компанија за вработување и регрутација, со свои канцеларии во Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Србија, Кипар, Грција и САД. Ние нудиме највисок менталитет во менаџментот на човечки ресурси и нашата основна дејност се кадровски решениа за барателите на работа и работодавачите.

За наш Клиент Алумил, во потрага сме по:

# Магацински работник

Улогата на Магацински работник е да спрема нарачки за издавање на трговска стока, нивно пакување и товарање, истовар на трговска стока при прием и одржување на магацинот.

## 1.Опис на работни обврски и одговорности

- Спремање на нарачки добиени од продажба и контакт центарот за трговска стока за издавање
- Товарање на трговска стока и контрола според финална испратница
- Истовар на камиони при увоз
- Организирање и класифицирање на артикли при увоз во магацинот
- Проверка и контрола на артикли при увоз, дали фактичката состојба се совпаѓа со фактурираната
- Средување и одржување на хигиена во магацинот

## 2.Потребни квалификации кои е потребно кандидатите да ги исполнуваат

- Организирана и одговорна личност
- Способност за работа во тим
- Способност за работа со дадени рокови и работа под притисок
- Почитување на мерките за безбедност и здравје при работа

## 3.Што нудиме

- Основна плата согласно портфолиото на кандидатот
- Работа според законската регулатива – работно време 40 часови неделно, секој работен ден од понеделник до петок, од 08-16 часот
- Приватно здравствено осигурување

- Работа во успешен тим на интернационално ниво
- Исплата на регрес за годишен одмор

Ги охрабруваме сите кандидати да аплицираат. Алумил доо Скопје како компанија не врши никаква дискриминација при изборот по било кој основ. Доколку сметате дека би биле уште еден успешен вработен на нашата компанија, добредојдени сте да поднесете апликација. Апликациите пожелно е да се поднесуваат на англиски јазик.

Адреса за апликација: **info.skopje@alumil.com**. Последен рок за аплицирање е 30 април 2024 година.

НАПОМЕНА: Ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг. Податоците на кандидатите се обработуваат во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

***Пробајте го Хедхантер за вашиот успех!***
***Доверете ја вашата кариера на ВИСТИНСКИТЕ професионалци!***
***Ве молиме бидете информирани дека само кандидатите селектирани за интервју ќе бидат контактирани. При аплицирање напомнете ја позицијата за која аплицирате***